БИЛТЕН

СИНДИКАТ УПОЗ

СИНДИКАТ НА РАБОТНИЦИТЕ ОД УПРАВАТА ПРАВОСУДНИТЕ ОРГАНИ И ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ГРАЃАНИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

БР 43 (3) МАЈ - СЕПТЕМВРИ 2006

### *ЧЕТВРТА СЕДНИЦА НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СИНДИКАТОТ НА УПОЗ 29.06.2006 ГОДИНА*

# ДА НЕМА НАМАЛУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА РАБОТНИЦИТЕ

***• Активностите околу потпишувањето на Општиот колективен договор за јавниот сектор беше тема околу која најмногу се расправаше на Четвртата седница на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ. Дали тој ќе биде наскоро потпишан и кои активности следуваат по неговото потпишување ?***

***• На седницата беше усвоена и информацијата за одржаните Дванаесетти спортски игри и средби на Синдикатот на УПОЗ.***

Времето определено во новиот Закон за работни односи за усогласување на колективните договори со одредбите содржани во него одамна измина ( 5.02.2006 год.). Меѓутоа, вината за неоправданото потпишување лежи во Владата односно Министерството за труд и социјална политика. Предлогот на текстот кој го подготви работната група на Сојузот на синдикатите на Македонија до министерството беше доставен уште во декември минатата година. Од тогаш до предвидениот рок имаше време за многу средби и преговори, но очигледно е дека министерството не пројавуваше интерес за негово потпишување. Со овие зборови ги отпочна воведните напомени Милан Мановски од Одделението за економски прашања и колективно договарање на ССМ и еден од учесниците во преговарачкиот тим на Сојузот. За жал и натаму нема никакви најави за отпочнување на преговори што е повеќе од очигледно дека Општиот колективен договор за јавниот сектор ќе се потпише со новата Влада.

**Претстојат бројни активности околу потпишувањето на колкетивните договори**

Сепак она што е битно и значајно за позициите на синдикатот од кои ќе стартува во преговорите е дека сите одредби кои се зацртани во Општиот колективен договор за стопанството се содржани и во Предлог - текстот на колективниот договор за јавниот сектор.

Тоа е добра позиција за синдикатот бидејќи неприродно ќе беше, особено во сегашните услови, да се бараат поголеми права за јавниот сектор. Но, каков ќе биде односот на Владата ќе треба да се причека до првите преговори. Во секој случај, претстои тешка и неизвесна битка на преговори за зачување на оние права по кои во изминатиот период се атакуваше. Тука пред се се мисли на надоместоците за исхрана, за превоз до и од работа, надоместокот за годишен одмор и новото барање на синдикатот за исплата на тринаесетта плата. Имено, сегашната Влада уште на почетокот од својот мандат со непочитувањето на колективните договори и неисплаќањето на регресот за годишен одмор најави дека сака да го укине ова право. Реакциите меѓу членство беа огромни, имаше многу судски спорови во кои членовите на синдикатите ги добиваа споровите и им беше овозможено по судски пат да го остварат ова право. И се ќе беше во ред ако Врховниот суд не беше тој кој несеше политички одкуки во корист на Владата според кои таа не била должна да го исплатува надоместокот за годишен одмор бидејќи во Буџетот не биле предвидени пари за таква намена.

Меѓутоа и покрај бројните реакции на членството ова не беше доволен мотив во сите изминати години да се покрене акција со која сериозно ќе и се спротиставиме на Владата. Тој мотив не се пројави дури и по најавите на раководството на синдикатот дека не се работи за неисплата на регресот туку за намера на Владата ова право од колективниот договор да го укине.

Но како и да е, битката за ова и за зачувување на другите права допрва претстои и кои права ќе ги користиме во наредниот период зависи од целокупното членство кое треба да има слух за инцијативите кои ќе ги предложи раководството на синдикатот. Затоа во дискусиите беше истакната и потребата во овој период да се информираат членовите и истите да бидат подготвени за било какви активности кои ќе бидат потребни за зачувување на правата во колективниот договор.

На седницата, во рамките на расправата за активностите околу потпишувањето на колективниот договор беше дискутирано и за активности и подготовките кои треба да следат за потпишувањето на двата грански договори во Синдикатот на УПОЗ. Како особено значајна беше истакната потребата од преземање на сериозни активности и подготовка за потпишување на посебните колективни договори односно на колективните договори на ниво на работодавач.

Во секој случај, за Синдикатот на УПОЗ наредниот период ќе биде исклучително значаен со цел конечно да биде заокружен процесот на колективното договарање и колективните договори конечно да бидат потпишани на трите нивоа - Општиот, гранските и посебните на ниво на работодавач. Но на овој план за синдикатот ќе претстои уште една битка за нивна целосна и доследна примена. Впрочем, само така ќе можат да се избегнат и надминат социјалните тензии.

(продолжува на 2 страница)

(продолжение од 1 страница)

**Спортски игри и средби по дванаесетти пат**

Членовите на Претседателството на Четвртата седница ја разгледаа и Информацијата за штотуку одржаните Дванаесетти спортски игри и средби на Синдикатот на УПОЗ. Претседателот на Натпреварувачката комисија Слободан Николовски нагласи дека во организациска и натпреварувачка смисла Дванаесеттите спорстки игри и средби беа најдобро досега организирани, впрочем како што и секоја година конста тираме дека тековните игри се најдобри и поуспешни од претходните. Сепак, за наредната година треба да се се имаат предвид и да се направат заложби за надминување на некои слабости кои многу тешко се надминуваат, како што е проблемот со судии и делегати особено за дисциплините во кои има поголема масовност, како што се натпреварите во мал фудбал и кошарка. Со одредени забелешки за пројавените слабости и настојувањата за уште подобра организација, беше усвоена поднесената информација и заклучоци.

*Тридневен семинар на тема:*

# КОЛЕКТИВНИТЕ ДОГОВОРИ И ПОЛИТИКАТА НА ПЛАТИТЕ

Во Охрид од 31.08 до 2.09. 2006 година се одржа тридневен семинар на тема: "Колективните договори и политиката на платите". Семинарот беше во организација на Синдикатот на УПОЗ со финансиска и друга поддршка на Синдикатот на државните службеници на Шведска (СТ). На семинарот учествуваа 30-тина учесници од сите поголеми синдикални организации на Синдикатот на УПОЗ.

За време на семинарот, во рамките на главната тема беа разработени неколку прашања. Предавачите Илка Парсинен, заменик генералаен секретар на Синдикатот на државните службеници на Шведска и Лена Моберг Линдвал, заменик раководител во секторот за колективно преговарање на истиот синдикат, пред слушателите на семинарот ги пренесоа шведските искуства околу колективните договори и политиката на платите.

Во првиот дел на семинарот беше разгледан Нордискиот модел на организирање на синдикатот и работодавачите како и Нордискиот модел на колективното преговарање. Пренесувајќи ги шведските искуства предавачите напоменаа дека тие не сметаат дека нивните решенија се најдобри и дека истите можат да бидат пренесени во секоја средина. Правејќи компаративни согледувања со колективните договори во нашата земја, учесниците ги коментираа сопствените искуства и бараа нови предлози кои ќе значат подобрување на постојните решенија во колективните договори.

Во продолжение на семинарот беше разгледана политиката на платите и колективното преговарање со посочување на практични примери, прекинување на преговорите, спорови и посредување при нивно решавање и комуникација со членството.

Инаку ова беше четврти семинар во соработка и финансиска помош на Шведскиот синдикат во рамките на едукативната програма која ќе се остварува и во наредниот период на различни теми за кои нашите членови имаат интерес за слушнат повеќе и различни искуства. До крајот на годината, ќе се одржи уште еден ваков семинар на актуелна тема која дополнително ќе биде одредена.

***• Две теми доминираа на Петата седница на Претседателството на УПОЗ - актуелните прашања и проблеми кои ќе треба да се покренат во претстојните разговори со ресорните министри за вработените во органите на управата и правосудството и планот и активностите за нови зачленувања во Синдикатот на УПОЗ.***

***• Вработените во органите на управата и правосудните органи апсолутно се против промената на работното време тоа да биде од 9,00 до 17,00 часот.***

Заради незаинтересираноста и несериозниот пристап на поранешната Влада кон проблемите на вработените во управата и правосудството кои ги покренуваше Синдикатот на УПОЗ, тие и натаму се актуелни и истите ќе мораат да се решаваат со новата Влада. Дали при ова ќе се повтори искуството од минатото преговорите да продолжат од "нула" и одново или ќе се продолжи од таму каде што застанале нивните претходници? Затоа, на Петтата седница на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ беа покренати сите отворени прашања кои треба да бидат изнесени во разговорите со новите министри во обид тие да се разрешат. Секако, најзначајно од сите е прашањето околу потпишувањето на Општиот колективен договор за јавниот сектор за што Сојузот на синдикатите на Македонија веќе оствари контакти со новиот Министер за труд и социјална политика.

Но напоредно со потпишувањето на Општиот колективен договор, беше констатирано и на претходната седница на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ ,треба да отпочнат подготовките и активностите за потпишување на гранските колективни договори и посебните на ниво на работодавач.

**Неопходно и приоритетно прашање е прашањето за корекција на платите на недржавните службеници**

По воведните напомени, претседателот Ванчо Муратовски истакна дека на седницата треба да се утврдат приоритетните прашања за кои треба да преговараме на претстојните средби со претставниците на власта. И на оваа седница како едно од најприоритетните прашања беше прашањето кое во изминатат една година не успеа да го реши поранешната Влада и покрај нејзините цврсти ветувања - корекција на платите на недржавните службеници. Ова прашање е актуелно по својата природа, не само заради фактот што подолг период е отворено и нерешено туку и заради фактот што оваа категорија вработени остана со енормно ниски плати а во меѓувреме со декомпресијата на платите беше направена корекција на другите вработени - државни службеници.

Во дискусиите на седницата речиси немаше ниту еден дискутант кој не го посочи овој проблем а особено го потенцираа претставниците од правосудните органи кои напоменаа дека со неколкуте зголемувања на платите

*Петта седница на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ (20.09.2006 година)*

# АКТИВНОСТИ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ НО И ЗА ПРИДОБИВАЊЕ НА НОВИ ЧЛЕНОВИ

на судиите направена е огромна разлика со другите вработени. Огромно е незадоволството на овие вработени и тие очекуваат дека сепак проблемот на нивните плати конечно ќе биде решен. Претставниците на некои синдикални организации напоменаа дека некаде не се почитуваат и се кршат одредбите од постојните колективни договори како што е исплатата на надоместокот за превоз до и од работа и за исхрана кои се исплаќаат во намален износ, потоа јубилејните награди, регресот за годишен одмор и сл. Исто така, драстични прекршувања има околу неисплаќањето на надоместокот за работа во смени, за работа ноќе и државни празници. Беа набележани уште некои отворени проблеми кои се специфични само за одредени организации.

На седницата беше заклучено да се направи план за средби со надлежните министри и директори на фондови а ваквата активност да заврши најдоцна за два месеци. На поединечните средби ќе се отворат сите актуелни прашања и проблеми а таа активност бара поголемо ангажирање на сите синдикални организации кои треба точно и аргументирано да ги набележат сите отворени прашања од сопствените средни.

**Предлогот на Владата за новото работно време- неприфатлив**

Како тема по која мошне концизно и аргументирано се расправаше на Петтата седница на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ беше и најавената промена на работното време во јавната администрација од 9,00 до 17,00 часот. Сите членови на Претседателството, без исклучок, ги пренесоа ставовите и пораките на вработените дека ваквиот предлог е "непристоен" од повеќе причини. Како прво беше ставена забелешка ако Владата сака на овој начин да не внесе во Европа, тоа треба да го направи со европски плати со кои сите идеи и предлози по европски терк, полесно ќе бидат прифатени.

Во дискусиите посебно беше истакнувано дека вработените апсолутно се против ваквиот предлог и дека нема да го прифатат. И не само што не го прифаќаат туку бараат да се врати старото работно време од 7.00 часот. Меѓу аргументите кои беа изнесени најчесто беше споменуван податокот дека вработените а посебно граѓаните и натаму не можат да се привикнат на работното време од 8.00 часот. Многу странки пред институциите се уште во 7.00 часот а меѓу 14 и 16,00 часот речиси и нема странки. Така, овој период од два часа е повеќе празен отколку исполнет со работни активности. Исто така, беше напоменато дека географски, нашето поднебје и она од западните земји не е исто, не одговара и не нуди исти услови за работа и сл.

Од овие причини беше заклучено Синдикатот да се обрати до Владата и да да побара ваквиот предлог да биде повлечен уште на самиот старт. Во спротивно, рекоа дека сите вработени се подготвени и да штрајкуваат но и да не го почитуваат новото работно време.

**Како да придобиеме нови членови ?**

Во изминатиот период имаше доброволни зачленувања во одделни организации, беа формирани неколку нови синдикални организации. Во повеќе средини каде тие не постојат има иницијативи за нивно формирање. Заклучок на една поранешна седница беше Синдикатот на УПОЗ да направи план на активности за придобивање на нови членови. Конечно на петтата сеница на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ се расправаше по оваа тема а на седницата беше презентиран и разгледан пропагандниот материјал кој ќе им доставува на потенцијалните и нови членови. Тоа значи дека од почетокот на идниот месец ќе започнат активностите за придобивање нови членови. Оваа активност подразбира и придобивање и зачленување на нови членови но и формирање на нови синдикални организации каде од било кои причини сеуште не се формирале.

Досегашните активности кои ги остварил Синдикатот на УПОЗ како и препознатливото име како еден од водечките синдикати во Сојузот на синдикатите на Македонија, ќе бидат аргумент плус во придобивањето нови членови, беше констатирано на седницата. Исто така, непосредните разговори и пропагандниот материјал треба значително да придонесат во процесот на придобивање нови членови.

Пропагандниот материјал ќе биде отпечатен на современа техника со модерно графичко решение во тираж од 20 000 примероци. Истиот ќе биде дистрибуиран до сите синдикални организаци и ќе биде поделен до потенцијалните нови членови како и во срединитe каде ќе се почне од почеток со зачленување на членови и формирање на синдикална организација.

Во пропагандниот материјал накусо е претставен Синдикатот на УПОЗ со некои позначајни успеси во изминатиот период од неговото формирање до денес. Меѓу другото набележани се и основните принципи : Кој е Синдикатот на УПОЗ, зошто се бори, како може да се стане негов член, што се добива со членувањето, зошто треба да ни се придружат и другите вработени?

Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на РМ е еден од гранските синдикати во состав на Сојузот на синдикатите на Македонија.

Основан е на 5 април 1991 година, на почетокот на транзицијата, како резултат на потребите за заштита на правата на работниците.

Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на РМ чиј скратен назив е Синдикат на УПОЗ е препознатливо име во јавноста заради активностите и остварените резултати во изминатиот период особено по организираните штрајкови во правосудните органи за зголемување на платите во 1997 и 2000/01 година, како и генералниот штрајк на вработените од јавниот сектор во 2002 година.

Синдикатот на УПОЗ е доброволна, самостојна, демократска, независна и непартиска организација во органите на државната управа, локалната самоуправа, правосудните органи и здруженијата на граѓани. Работниците доброволно се здружени во Синдикатот на УПОЗ заради застапување, претставување, унапредување и заштита на нивните економски, социјални и други поединечни и колективни интереси.

Синдикатот на УПОЗ е рамноправен член во ССМ ( Сојузот на синдикатите на Македонија) и PSI (Public Services International) Интернационалниот Синдикат на јавните служби и Европската федерација на синдикатите од јавните служби (EPSU).

### ЗА ШТО СЕ БОРИМЕ?

Синдикатот на УПОЗ се бори за:

- Економско-материјалната сигурност и подобрување на економската и социјалната положба на членството преку потпишување на колективни договори;
- Подобрување на условите за работа, заштита при работа и заштита на животната и работна средина;
- Остварување на синдикалните права и слободи;
- Остварување на правата од работен однос;
- Социјален дијалог заснован врз начелата на трипартизмот;
- Демократско и хумано законодавство согласно меѓународните норми;
- Забрзано економско заздравување на земјата, зголемување на платите и стандард на вработените на цивилизациско ниво и достоен живот на луѓето.

# КОИ СМЕ НИЕ?

# ЗА ШТО СЕ БОРИМЕ?

# КОИ СЕ НАШИТЕ ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ?

# КАКО ДА СТАНЕТЕ ЧЛЕН НА СИНДИКАТОТ?

# КОИ СМЕ И КАКО НАСТАНАВМЕ ?

### КОИ СЕ НАШИТЕ ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ?

Синдикатот на УПОЗ својата работа и организација ја заснова на следните принципи:

- Самостојност и независност
- Масовност
- Солидарност
- Јавност во работењето
- Автономност во однос на власта и политичките партии.

### ШТО ДОБИВАТЕ КАКО ЧЛЕН НА СИНДИКАТОТ?

- Колективно преговарање за плата и надоместоци на плата и други права од работен однос
- Бесплатна правна заштита преку застапување пред судските органи
- Користење на средства од Солидарниот фонд низ разни облици на солидарна помош
- Економско-материјална сигурност и подобрување на општествено-економската положба на нашите членови
- Подобрување на условите за работа
- Остварување на заедничките и поединечните права, обврски и интереси на членовите
- Остварување на синдикалните права и слободи
- Основање фондови за материјална помош, солидарност, взаемност и хуманост на членовите
- Бесплатно право на синдикално образование
- И најважното: ако сме единствени и масовни вашиот глас ќе влијае на сегашноста и Вашата иднина, за добро на Вашето семејство, колегите и пријателите.

### КАКО ДА СТАНЕТЕ ЧЛЕН НА СИНДИКАТОТ?

Синдикалното организирање и пристапување е слободно и доброволно. Ќе станете наш член доколку своерачно потпишете пристапница. За поблиски информации можете да се обратите во регионалните синдикални канцеларии во сите градови на Македонија. Пристапницата и сите информации можете да ги добиете и преку нашата интернет адреса: www.upoz.org.mk и истата да ја испратите на нашата адреса со што ќе ни овозможите да го оствариме првиот контакт со Вас.

### ЗОШТО ТРЕБА ДА НИ СЕ ПРИДРУЖИТЕ?

Најефикасно ќе ги заштитиме и браниме Вашите права ако сме:

- Масовно организирани
- Единствени
- Моќни и
- Финансиски силни

Затоа ни е потребно и Вие да бидете наш член.

### КАКО СЕ ФИНАНСИРАМЕ?

Основен извор на финансирање е членарината. Членот има обврска секој месец да издвојува 1% од нето платата - членарина од која се финансираат сите активности на Синдикатот и се полни Солидарниот фонд.

Синдикатот е отворен за донации и помош од домашни и меѓународни организации и асоцијации.

## САМО ФИНАНСИСКИ СИЛЕН СИНДИКАТ Е МОЌЕН СИНДИКАТ

Позначајни резултати:

• На иницијатива на Синдикатот на УПОЗ во 1991 година, Уставниот суд ја поништи Одлуката на Владата со која се укинаа надоместоците за превоз до и од работа, за исхрана и регрес за годишен одмор.

• По тридневниот штрајк на вработените во органите на управата 1991 година - платите беа зголемени за 24,7 насто.

• Во 1993 година спасени 600 работни места на вработените во Министерството за одбрана.

• По преговорите меѓу Синдикатот на УПОЗ и Владата во 1994 година беше стопирана најавената рационализација од 10 насто.

• По вторпат стопирана рационализацијата во 1996 година по успешните преговори на Синдикатот на УПОЗ и Владата.

• По тринеделен штрајк во 1997 година на вработените во правосудните органи платите беа зголемени во просек за 18 насто.

• Успешен штрајк на приватните превозници во 1999 година по кој беше задоволено главното барање за добивање на лиценца.

• По иницијатива на Синдикатот на УПОЗ во 2000 година, Уставниот суд го поништи Законот за предвремено пензионирање и 6000 работници се вратија на своите работни места.

• Кон крајот на 2000 година и почетокот на 2001 година беше организиран штрајк на правосудните органи кој траеше 80 дена. Синдикатот им ги исплати платите на работниците за време на штрајкот, во износ од 2.981.054 денари (околу 50.000 евра).

• Во 2001 година преку судски постапки Синдикатот на УПОЗ врати околу 600 вработени во органите на управата.

• По двонеделен штрајк на Синдикатот на УПОЗ и другите синдикати на вработените во јавниот сектор за прв пат после 10 години беа зголемени платите во просек за 20 насто.

• Од 2002-2006 година по пат на приговори и судски застапувања над 1000 работници од органите на управата ги задржаа своите работни места.

• Од формирањето на Солидарниот фонд (1997 година), заклучно со 2005 година доделена е финансиска неповратна помош на над 1500 членови на Синдикатот и исплатени се 12.283.291 денари (околу 200.700 евра).

## ПРИДРУЖЕТЕ НИ СЕ!

И не заборавајте:

### ЗАЕДНО СМЕ ПОСИЛНИ

### ЧЛЕНУВАЊЕТО ВО СИНДИКАТОТ НЕ Е ОБВРСКА -ТОА Е ПОТРЕБА

Ако го наоѓате Вашиот интерес во нашата заштита

## ЗАЧЛЕНЕТЕ СЕ!

Синдикатот на УПОЗ нема да ја изневери Вашата доверба што му ја укажавте со Вашето пристапување.

Овојпат го направивте вистинскиот избор.

Синдикатот на УПОЗ - тоа е Вашиот Синдикат и Ваш вистински избор.

Синдикат на УПОЗ
ул. 12 Ударна бригада 2а,
Работнички дом - Скопје
тел. 02/3126-351 и 3230-829
www.upoz.org.mk
Електронска пошта
info@upoz.org.mk

*Овој текст ќе биде отпечатен како пропаганден леток. Истиот ќе биде доставен до сите Синдикални организации и поделен меѓу вработените кои не се членови на синдикатот со цел тие да ги осознаат предностите од членувањето и да се зачленат.*

*Пропагандниот леток ќе биде доставен и до установите во кои сеуште нема формирано синдикална организација.*

**IMPRESSUM**

**Гласило на Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на РМ**

12 Ударна бригада 6б - Скопје,
тел: 02/31-26-351;
тел./факс: 02/32-30-829;
www.upoz.org.mk

• Билтенот го подготвува и уредува: Пецо Груевски

• Подготовка за печат "Макформ"-Скопје

• Тираж 600 примероци

*Дванаесетти спортски игри и средби*
*03 - 06. јуни 2006 година*

## И ТРАДИЦИЈА И МАСОВНОСТ И УСПЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА

По трет пат Охрид беше домаќин на Дванаесеттите спортски игри средби на Синдикатот на УПОЗ. Од 03 до 06 јуни прекрасните хотели Метропол и Белви ги пречекаа 600 - тината учесници. Одржувањето на овие игри и средби по дванаесетти пат веќе зборува за една убава традиција, но традиција стана и масовното учество и добрата организација на игрите. Така, од година во година се констатира дека "овие беа досега најдобро организираните спорстки игри". И навистина е така бидејќи тоа најдобро го чувствуваат учесниците. Слабостите се елиминираат, Организациониот одбор навреме ги завршува подготовките а Натпреваручката комисија е таа која со успех ги организираше натпреварите.

И годинава учествуваа вкупно 17 екипи кои се натпреваруваа во седум дисциплини во машка и седум дисциплини во женска конкуренција и една заедничка дисциплина за мажи и жени - влечење јаже. Мажите се натпреваруваа во следниве дисциплини: мал фудбал, кошарка, одбојка, пинг - похг, шах, стрелаштво, и крос а жените во: баскет, одбојка,пинг - понг, пикадо, стрелаштво, шах и крос. По втор пат оваа година, вон конкуренција, беше организиран натпревар во фрлање тројки.

На свеченото отворање, топло добредојде на присутните, во името на градот домаќин им посака секретарот на Собранието на општина Охрид, Димитар Вревезовски. Пред учесниците зборуваше претседателот Ванчо Муратовски запознавајќи ги учесниците со главните активности на Синдикатот на УПОЗ. По кусото обраќање тој ги прогласи Дванаесеттите спортски игри и средби за отворени по што следуваше величенствен огномет што кај учесниците побуди чуство дека се наоѓаат на мала Олимпијада, во што всушност и прераснуваат овие спортски игри.

По свеченото отворање следеа натпреварите на кој учесниците се бореа до последните сили со цел да постигнат што подобар резултат. На најдобрите, на завршната свеченост им беа доделени пехари и дипломи (за освоено прво место), како и признанија за освоено второ и трето место. Како и поранешните години, така и оваа година, ова дружење на членовите на Синдикатот на УПОЗ заврши со прекрасна другарска вечер, во убав и незаборавен амбиент и добро расположение.

СИНДИКАТ УПОЗ • 03-06 ЈУНИ 2006, ОХРИД

12 СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ • СИС УПОЗ-2006

**СИС - УПОЗ 2006**
**ОХРИД, 03-06.2006**

# НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА



## ФЕР ПЛЕЈ

**УЈП И МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

## НАЈДОБАР СПОРТИСТ

**СУЗАНА МОНАВЧЕВА ОД ФОНД ЗА ЗДРАВСТВО**

## СЕВКУПЕН ПОБЕДНИК ВО МАШКА КОНКУРЕНЦИЈА

**СЕВКУПЕН ПОБЕДНИК НА ДВАНАЕСЕТТИТЕ СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ ВО МАШКА КОНКУРЕНЦИЈА Е ЕКИПАТА НА ЦАРИНСКА УПРАВА**

## СЕВКУПЕН ПОБЕДНИК ВО ЖЕНСКА КОНКУРЕНЦИЈА

**СЕВКУПЕН ПОБЕДНИК НА ДВАНАЕСЕТТИТЕ СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ ВО ЖЕНСКА КОНКУРЕНЦИЈА Е ЕКИПАТА НА ФОНД ЗА ЗДРАВСТВО**

## СЕВКУПЕН ПОБЕДНИК

**СЕВКУПЕН ПОБЕДНИК НА ДВАНАЕСЕТТИТЕ СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ Е ЕКИПАТА НА КОЈА ГО ДОБИВА ПРЕОДНИОТ ПЕХАР**

**ЦАРИНСКА УПРАВА**

## ВТОРО МЕСТО

**ВТОРО МЕСТО ВО СЕВКУПНА КОНКУРЕНЦИЈА НА ДВАНАЕСЕТТИТЕ СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ ОСВОИ ЕКИПАТА НА ФОНД ЗА ЗДРАВСТВО**

## ТРЕТО МЕСТО

**ТРЕТО МЕСТО ВО СЕВКУПНА КОНКУРЕНЦИЈА НА ДВАНАЕСЕТТИТЕ СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ ОСВОИ ЕКИПАТА ВОЕНА БОЛНИЦА**